H#C

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ"
СКОПЈЕ
бул. „Гоце Делчев" бр. 9А, 1000 Скопје, Р. Македонија
Деканат: +389 2 3240 401, Централа: +389 2 3240 400
Факс.: +389 2 3223-811

Бр. 02-1193/1
14. 9 '12
Скопје

Врз основа на член 63 од Правилникот за внатрешни односи и работење на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", а во врска со чл. 9 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. весник бр. 13/06), Деканатската управа на својата 24. редовна седница одржана на 31.8.2012 г. едногласно донесе

ОДЛУКА
за утврдување листа на информации од јавен карактер

I. Се утврдува листа на информации од јавен карактер за кои Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје е имател на информации:

- Акти (општи) (достапни во Универзитетскиот гласник на УКИМ и на веб-страницата на УКИМ)
- Соопштенија до јавноста за тековни активности (достапни на веб-страницата и на огласните табли на Факултетот)
- Годишни извештаи (достапни во: публикација)

**Настава**

- Извештаи за студенти по разни основи запишани на додипломски студии, т.е. на прв циклус на студии, на постдипломски студии, т.е. на втор циклус студии, доктори на науки, на трет циклус на студии (достапни во: извештаите на Државниот завод за статистика и УКИМ);
- Студиските и предметните програми за прв и втор циклус (достапни на веб-страницата на Факултетот);
- Распоред на предавања, резултати од испити и др. (достапни на огласните табли на Факултетот);

- Регистар на вработени со наставно-научно звање, наставно-стручно звање и соработници (достапни во стручната служба на Факултетот, извештаите на УКИМ, Министерството за образование и наука и Државниот завод за статистика):

**Меѓунардна соработка**

- Договори за меѓународна соработка (достапни во Архивата на Факултетот и во Универзитетскиот весник на УКИМ)

**Издавачка дејност**

- Изданија на Факултетот (достапни во библиотеките на Факултетот)

**Финансиско и материјално работење**

- Годишен извештај за финансиско и материјално работење (достапни во: Управата за јавни приходи, Државен завод за ревизија, Централен Регистар и до Министерството за образование и наука)

Заштитени од правото за слободен пристап до информации се сите лични податоци, во согласност со Законот за заштита на личните податоци (од персоналното досие на вработените, досието на студентот, податоците од тековните финансиски активности по сите основи како и сите информации утврдени како исклучок од слободен пристап на информации со членот 6 од Законот).

II. Листата на информации од јавен карактер се објавува на веб-страницата на Факултетот.

III. Одлуката стапува во сила од денот на донесувањето.

IV. Примерок од Одлуката да се достави до Архивата на Факултетот, Отсекот за општи, правни и персонални, Отсекот за студентски прашања, Отсекот за сметководствено и финансово работење.

ДЕКАН
на Филолошкиот факултет

проф. д-р Максим Каранфиловски